# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието

## мај 2016

---

## I. СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ

### Компонента 1- Информирање на јавноста и заедниците

- **Креативни работилници.** Во рамките на сите пет избрани средни училишта, во текот на месецот се спроведуваа креативни работилници со учениците, под менторство на ПМИО и партнер организацијата Мултимедија. Во текот на месец мај, вкупно беа реализирани 15 креативни работилници, на кои учествуваат преку 100 ученици.
- **Втор модул обука за форум театар методологија со 10 наставници од 5 училишта.** 10 наставници од петте избрани училишта кои ги спроведуваат креативните работилници, учествуваа на вториот модул на обуката за форум театар методологија, со цел да ги продлабочат своите вештини за користење на оваа дополнителна алатка при разрешување на различни ситуации. Во текот на месец август, наставниците ќе продолжат да ги градат капацитетите преку последниот модул од оваа методологија, која понатаму ќе се дисеминира со останатите наставници и ученици во рамките на нивните училишта.
- **Креативни катчиња.** Во рамките на креативните катчиња во Прилеп и Куманово, се одржаа состаноци за планирање на претстојните активности. Дополнително, во креативното катче во СУ „Орде Чопела", Прилеп беше реализирана и првата креативна работилница со новата група од 20 ученици.
- **Презентација на продуктите на ПКРН и ПМИО.** Во периодот од 9 до 11 мај, беа одржани информативни средби со претставници од училиштата низ Македонија. На овие средби, во соработка со претставници од Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, беа презентирани и промовирани продуктите кои се резултат на работата на Проектот за кариерен развој на наставниците, како и Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието.
- **Координативни состаноци.** Во текот на месец мај, беа одржани неколку координативни состаноци со партнер организациите МИМ, Мултимедиа и МОФ, со цел планирање на претстојните активности.
- **ПМИО финалист на фото конкурс на УСАИД.** ПМИО беше финалист на фото конкурсот на УСАИД за граѓанско-воена соработка во категоријата *Мир и безбедност*. Избраната фотографија е меѓу првите 4 избрани од цел свет, а е од свечениот настан по повод реновирањето на ОУ „Братство Единство", Охрид. Оваа фотографија беше прикажана на изложбата и настанот на УСАИД за Месецот на благодарност на националната војска на 16 мај. За повеќе, може да прочитате на линкот кој се објави од страна на УСАИД Вашингтон : Photos That Show the Best of Civilian-Military Cooperation.
- **Подготовка на две видеа.** Во текот на месецот, во соработка со партнер организацијата МОФ, беа подготвени и објавени две видеа во врска со реализираните јавна дебата во општина Карпош и обука за дебата во СУ Цветан Димов, Чаир, со цел промовирање на позитивните искуства од ваквите активности.
- **Фејсбук страница интегратика.** Во изминатиот период беше креирана фејсбук страницата *Интегратика*, со цел дополнително информирање на пошироката јавност за активностите и постигнувањата во рамки на проектот, во соработка со партнер организацијата МИМ. До сега, преку 600 фејсбук корисници ја следат страната на која редовно се ажурираат информациите.

**Проект за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО)**
Ул. Козле, 1-б
1000 Скопје, Македонија
Е-пошта: info@mcgo.org.mk Веб страна: www.pmio.mk

- **Редовно информирање на институциите, општините и училиштата за активностите на ПМИО.** Дел од активностите опфатија и редовно ажурирање на информациите и објавување на новости и приказни за текот на активностите преку веб-страницата на проектот www.pmio.mk.
  Дополнително, активностите кои се одвиваа во рамките на училиштата (самостојни или во партнерства со другите училишта), во периодот имаа медиумска поддршка и покриеност. Се подготви и медиумскиот информатор и беше споделен со сите медиумски куќи низ земјата.

**Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците**

- **Состаноци и посета на завршни презентации за МИО постигнувања во две општини за продлабочена соработка за МИО.** Се одржаа состаноци со координаторите за МИО во 2 општини за продлабочена соработка – Општина Чашка и Општина Тетово. Дополнително, заедно со двајца членови на работната група за МИО на Општина Тетово се одржаа и состаноци со директорите и СИТ координаторите во 2 основни повеќејазични училишта, со цел разгледување на досегашните постигнувања во МИО. Одговорните координатори за МИО во општините Чашка и Велес организираа завршни презентации за постигнувањата во МИО, изготвени од учениците и наставниците во училишта во двете општини. Учениците од сите училишта во општина Чашка учествуваа во активностите на настанот „Град на пријателството" во с. Јаболчиште. Учениците од сите училишта во општина Велес ги промовираа своите МИО постигнувања во просториите на Општина Велес.
- **Реализација на заеднички ученички активности поддржани од програмата за мали грантови.** Беа реализирани вкупно 30 заеднички ученички активности од страна на училиштата кои се дел од програмата за мали грантови. Воедно, проектот обезбеди поддршка и изврши посета при реализација на активности помеѓу следните училишта: Крсте Петков Мисирков, Радовиш (самостојно), Рајко Жинзифов, Драчево и Алија Авдовиќ с.Батинци, Студеничани, Перо Наков, Куманово (самостојно), Кочо Рацин, Куманово и Наим Фрашери, Куманово и Славко Лумбарковски, Новаци и Симче Настоски, Јегуновце.
- **Координативни состаноци со тимовите за родителска вклученост**. Се реализираа координативни состаноци со тимовите во училиштата за планирање и спроведување на заедничките ученички активности, во рамки на програмата за грантови за родителска вклученост во МИО. Во 5 основни училишта (Кирил и Методиј, с. Стајковци, Крсте П. Мисирков, Бистрица, Христијан Т.Карпош, Куманово, 7 Марси, с.Опае, Липково и Браќа Миладиновци, Струга) се извршија промени во плановите за активностите во апликациите со цел да се поттикне водечка и активна улога на родителите во МИО.
- **Дисеминација/показни активности на обучените наставници со учениците**. Наставниците кои беа обучени за спроведување на спортски и забавни активности, пред публика составена од ученици, наставници и родители во 7 повеќејазични основни училишта, реализираа показни активности на заедничките спортски и рекреативни активности со учениците од одделенска настава.
- **Снимање на видео за соработка меѓу ученици.** Се финализираше снимањето на видео со ученици, за подигнување на свеста од потребата за контакт и соработка помеѓу ученици од различни етнички заедници.
- **Снимање на видео туторијали за спортски и забавни игри.** Беше направено снимање на кратки видео туторијали со ученици од четврто и петто одделение за примерите од прирачникот „40 спортски активности и забавни игри за интегрирање на децата и младите“. Преку видеата на практичен начин се демонстрираат активностите опишани во примерите и истите имаат за цел да им помогнат на наставниците полесно да ги имплементираат овие активности со учениците во нивните училишта.

- **Евалуација на пристигнати апликации на конкурсот за иновативни практики за меѓуетничка интеграција во образованието.** Членовите на комисијата ги евалуираа сите 269 пристигнати апликации и се направи ранг листа на учесниците според постигнатите бодови од евалуацијата. Комисијата одржи состанок на кој беа избрани најдобрите иновативни практики.

**Компонента 3 – Модел училишта**

- **Излет и настава во природа.** Еден излет беше организиран на почетокот на месецот со ученици од сите наставни јазици од модел училиштето Санде Штерјоски. Ученици од четврто до деветто одделение го посетија локалитетот Кале каде што беа организирани забавни активности. Беше реализирана и четиридневна настава во природа во Отешево, Ресен. На истата учествуваа вкупно 79 ученици од ОУ Братство Единство, седум наставници, како и претставници на Центарот за човекови права и разрешување конфликти во улога на аниматори. Сите слободни активности беа организирани во групи со ученици од сите наставни јазици, а дел од часовите беа заеднички за учениците од различни наставни јазици.
- **Интегрирани часови од редовната настава.** Вкупно дванаесет интегрирани часови по англиски јазик се реализирани во текот на месецот. Два помеѓу партнерските училишта од Куманово, два во Кичево, два во Охрид, четири во Гостивар и два во Скопје. Исто така, реализирани се 14 часа од редовната настава со ученици од одделенска настава и тоа пет во Охрид и девет во Кичево, како и 2 интегрирани часови од практична настава. Во Кичево се одржани и два интегрирани часови по предметот хемија.
- **Мултикултурни работилници.** Во сите модел училишта се реализирани вкупно 30 мултикултурни работилници со 14 различни групи.
- **Заеднички ученички активности.** Вкупно 12 редовни средби одржани од страна на 5 различни секции во модел училишта како заеднички ученички активности.
- **Ученички иницијативи.** Три иницијативи беа преземени од Претседателствата на училишните заедници (ПУЗ) од различни модел училишта. Во СЕОУ Гостивар, учениците организираа турнир во одбојка во тимови составени од ученици од различна етничка заедница. Во ОУ Санде Штерјоски, Кичево ПУЗ обезбедија средства за боење на училишната ограда во централната зграда. Во ОУ Братство Единство, Охрид ПУЗ во соработка со Црвениот Крст изработија украсни свеќи, а на дел од нив беше ставено и логото на училиштето.
- **Средби за поддршка.** Три средби за поддршка со СИТовите и наставници реализатори на активности во три модел училишта се одржаа на почетокот на месецот. Во секое училиште имаше следење на час од работилниците за усвојување на базични концепти на јазикот на другиот, а со останатите групи имаше дискусија за спроведените активности. Кон крајот на месецот се реализираа две средби за поддршка за тековниот месец во две различни модел училишта. Истотака, советниците од БРО реализираа три средби за поддршка во три модел училишта.
- **Работилници за усвојување основни поими на македонски и албански јазик за ученици од одделенска настава**. Беа реализирани по пет работилници со ученици од второ-трето и пет работилници со ученици од четврто-петто одделение во трите основни модел училишта.

**Компонента 4 – Стимул за училиштата**

- **Анекс на меморандум за соработка.** Анексите на меморандумите за соработка за 10 училишта подготвени се да се потпишат од страна на градоначалниците на општините и директорите на училиштата, со што сите вклучени страни преземаат одговорности во процесот на реновирање.
- **Тендери за избор на најповолни изведувачи**. Распишани се јавни тендери за избор на најповолни изведувачи на активностите за реновирање на осум училишта:
  - ОУ Рајко Жинзифов, општина Чаир
  - ОУ Христијан Тодоровски Карпош, општина Ранковце
  - ОУ Кирил и Методиј, општина Крушево;
  - ОУ Његош, општина Гази Баба;
  - ОУ Браќа Миладиновци, општина Могила;
  - ОУ Св.Климент Охридски,општина Битола;
  - ОУ Александар Здравковски, општина Јегуновце
  - ОУ Гоце Делчев, општина Брвеница.
- **Евалуација на прво рангираните фирми за изведба на проекти за реновирање на училиштата од фаза 5.** Организирани се состаноци за евалуација на прво рангираните фирми за изведба на проекти за реновирање на три училиштата од фаза 5 и целосната документација доставена е до УСАИД на одобрување.
- **План за заштита на животната средина.** Подготвен е заеднички план за заштита на животната средина од активностите за реновирање на училиштата кои би можеле да имаат потенцијално негативно влијание. Активностите за реновирање во училиштата опфатени во работата на Компонента 4 во 2016 година ќе се одвиваат согласно овој план за заштита на животната средина.
- **Менторски сесии**. Одржани се менторски сесии со членовите на ТРУ во шест училишта од фаза 4 за Модул 1- изработка на план и буџет за одржување на училиштата;
- **Месечни состаноци за следење на работата за одржување на училиштата во 13 училишта од фаза 3.** Сите 13 училишта реновирани во фаза 4 беа посетени од стручни лица при што им беше дадена стручна помош во однос на одржувањето на училишните објекти (градежни позиции, систем за греење, електрични инсталации, хигиена);
- **Опрема за одржување на училишни објекти**. Спроведена е постапка и избрани се фирми од кои ќе се набават комплети на алати наменети за одржување на училишта кои ќе бидат реновирани во 2016 година.
- **Учество на општините и училиштата во процесот на реновирање.** Документирано е учеството на општините и училиштата во активностите за реновирање на 13 училишта од Фаза 4, кое изнесува 27% од вкупната вредност на инвестициите.

**Мониторинг и евалуација**

- **Електронско истражување.** Адаптација на прашалникот за електронско истражување.

## II. ПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ ЗА СЛЕДНИОТ МЕСЕЦ

**Компонента 1 – Информирање на јавноста и заедниците**

- Обука за креативни работилници за наставниците од СУ Јосиф Јосифовски, Гевгелија;
- Промотивен настан за иновативни практики за меѓуетничка интеграција во образованието;
- Креативни работилници во рамките на избраните средни училишта во 2016;
- Активности во рамките на креативните катчиња во средните училишта во Куманово, Охрид, Прилеп, Кавадарци и Штип;
- Редовно ажурирање на информациите и објавување на новости и приказни за текот на активностите преку фејсбук страната Интегратика и веб-страната на проектот www.pmio.mk.

**Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците**

- Обезбедување поддршка при планирање, подготовка и реализација на заеднички ученички активности, поддржани од малите грантови;
- Административно и финансиско регулирање на процедурата за исплата на малите грантови;
- Работилница со селектираните повеќејазични училишта од 7 различни региони во врска со активноста Интегрирани денови.

**Компонента 3 – Модел училишта**

- Одржување на промотивна активност – Отворен ден во СУ Здравко Цветковски;
- Реализирање на редовни вон-наставни активности, секции и мултикултурни работилници;
- Одржување на заеднички интегрирани часови;
- Реализирање на ученички и родителски иницијативи;
- Реализирање на средби за поддршка со сите модел училишта;
- Организирање на дебати;
- Спроведување на самоевалуација на училиштата;
- Координативна средба со претставници на партнер организации и советници од БРО.

**Компонента 4 – Стимул за училиштата**

- Објавување на јавни тендери за избор на најповолни изведувачи на активностите за реновирање и организирање на јавно отворање на понудите;
- Организирање состаноци за евалуација со прво рангираните фирми за изведба на проекти за реновирање на училиштата од фаза 5;
- Потпишување на договори со избраните компании за изведба и компании за надзор на изведба, за проектите за реновирање на училиштата од фаза 5;
- Отпочнување со активности за реновирање во училиштата во кои ќе биде завршен процесот на избор на најповолен изведувач;
- Подготовка на анекс 1 за заштита на животната средина;
- Менторски сесии со членовите на ТРУ во 7 училишта од фаза 5 за Модул 1- изработка на план и буџет за одржување на училиштата;
- Месечни состаноци за следење на работата за одржување на училиштата во 13 училишта од фаза 4.

**Мониторинг и евалуација**

- Финализирање на апликацијата за електронско истражување со општините и училишта;
- Имплементација на евалуација на активностите во Модел училиштата.